# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на | Број 8 | |
| Општината Штип | 30 мај 2007 година | ГОДИНА XLIV |
| Излегува по потреба | Ш т и п | |


137.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР "ТРИАГОЛНИК", ДЕЛ ОД УБ 3 И 4, УМ 1 И 2 - ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од центар "Триаголник", дел од УБ 3 и 4, УМ 1 и 2 - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-1692/2 | Градоначалник |
| 30 мај 2007 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

138.

Врз основа на член 22 и 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ

## УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЦЕНТАР "ТРИАГОЛНИК", ДЕЛ ОД УБ 3 И 4, УМ 1 И 2 - ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од центар "Триаголник" УБ 3 и 4, УМ 1 и 2 - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 44/05.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука содржи

- Текстуално образложение
- Графички прилози според Законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичка документација
- Стручна ревизија на урбанистичка документација
- Одговор на стручната ревизија
- Согласност број 18-11298 од 26.06.2006 година од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1692/1
22 мај 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

139.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ГУП 2010 УЕ 47, 16, 17 И 53 ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ГУП 2010 УЕ 47, 16, 17 и 53 - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1693/2<br>30 мај 2007 година<br>Ш т и п

Градоначалник<br>на Општината Штип,<br>Панде Сарев, с. р.

140.

Врз основа на член 22 и член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ГУП 2010 УЕ 47, 16, 17 И 53 ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со утврдува Нацрт-ГУП 2010 УЕ 47, 16, 17 и 53 - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 27/06.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење број 1008-371/4 од 12 март 2007 година
- одговор на стручно мислење
- повторно стручно мислење
- одговор на повторното стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1693/1<br>22 мај 2007 година<br>Ш т и п

Претседател<br>на Советот на Општината Штип,<br>Драги Илиев, с. р.

141.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "БЕЛО БРДО" ДЕ ОД УЕ 20 ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Бело Брдо" дел од УЕ 20 - Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1694/2
30 мај 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

142.

Врз основа на член 22 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "БЕЛО БРДО" ДЕ ОД УЕ 20 ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со утврдува Нацрт-ДУП за дел од населба "Бело Брдо" дел од УЕ 20 - Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со технички број 23/06.

Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- текстуално образложение
- графички прилози според законските одредби
- одредби за реализација на урбанистичката документација
- стручна ревизија на урбанистичката документација
- одговор на стручна ревизија
- стручно мислење
- одговор на стручно мислење

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1694/1
22 мај 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

143.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ВО ГРАДОТ

I

Се објавува Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурни објекти во градот.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1695/2
30 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

144.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ВО ГРАДОТ

Член 1

Како приоритет за изградба на објекти од инфраструктура во градот се утврдува:

1. Пробивање и изградба на улица за поврзување на улицата "Ванчо Прке" со улицата "Маршал Тито";
2. Изградба на тротоарот кај ООУ "Гоце Делчев" на ул. "Иво Лола Рибар";
3. Изградба на мост за пешаци на река Отиња за поврзување на ул. "Генерал Михајло Апостолски" со "Кеј Маршал Тито" и ул. "Трст" во населба "Пролет";
4. Пешачка зона "Безистен" која го опфаќа просторот над паркот од почетокот на паркот кај Работнички универзитет "Ванчо Прке" до преминот на зградата над галеријата "Безистен".

Редоследот на точките е редослед на приоритет за изградба на објектите.

Точките 1, 2 и 3 ќе ги реализира ЈП "Штип-проект" веднаш по донесувањето на Одлуката.

По точка 4 локалната самоуправа ќе спроведе постапка за јавна набавка.

Член 2

Средствата за реализација на објектите од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат дел од вишокот на сресва од Буџетот на Општината Штип за 2006 година, а пренесени во Буџетот на Општината Штип за 2007 година и дел од Буџетот на Општината Штип за 2007 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1695/1
22 мај 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

145.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
## ЗА ИЗГРАДБА НА БРАНА НА РЕКА ОТИЊА

I

Се објавува Одлуката за изградба на брана на река Отиња.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1696/2
30 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

146.

Врз основа на Меморандумот за изградба на брана на река Отиња потпишан од политичките партии што партиципират во Советот на Општината Шти, член 46 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗГРАДБА НА БРАНА НА РЕКА ОТИЊА

Член 1

За регулирање на протокот на вода во коритото на р. Отиња и подобрување на микро климата во град Штип ќе се гради брана на р. Отиња.

Проектираната вредност на бранатa со сите пропратни објекти согласно главниот проект изнесува 156.760.857,00 денари.

Член 2

Финансиските средства за реализација на објектот ќе се обезбедат од следните извори:

- учество на странски или домашен стратешки инвеститор;
- од Буџетот на Република Македонија;
- од Буџетот на локалната самоуправа Штип;
- од надоместокот за комунално уредување на просторот околу бранатa и коритото на река Отиња;
- донации од домашни и странски физички и правни лица;
- остатокот од месниот самопридонес од 1992 година и
- други извори на финансирање.

За пренамена на средствата од алинеја 6 на овој член ќе се спроведе референдум за што Советот на Општината Штип ќе донесе посебна одлука.

За спроведување на Одлуката ќе се формира посебно помошно тело.

Составот и задачите на помошното тело ќе се регулира со посебна одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1696/1
22 мај 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

147.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП БРОЈ 0701-1473/1 ОД 27 АПРИЛ 2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип број 0701-1473/1 донесен на седницата на Советот на Општината Штип одржана на 27 април 2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1697/2
30 мај 2007 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

148.

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП БРОЈ 0701-1473/1 ОД 27 АПРИЛ 2007 ГОДИНА

I

Не се прифаќа Решението за запирање на објавувањето на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип број  0701-1473/1 донесен на седницата на Советот на Општината Штип одржана на 27 април 2007 година донесено од градоначалникот на Општината Штип, а Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип број 0701-1473/1 донесен на седницата на Советот на Општината Штип одржана на 27 април 2007 година **се потврдува**.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1697/1
22 мај 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

149.
Врз основа на член 50 точка 3 и член 51 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1697/3
30 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

150.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 11 став 3 од Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 6/07), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 27 април 2007 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за издавање лиценца и извод од лиценца за секое возило за вршење авто-такси превоз на патници во Општината Штип.

### Член 2

Лиценца и извод од лиценца за секое возило за вршење авто-такси превоз на патници во Општината Штип се издава доколку се исполнети следните услови:

- превозникот да е впишан во Централниот регистар и да има регистрирано претежна дејност: вршење на такси превоз на патници во патниот сообраќај;
- превозникот да е сопственик на едно или повеќе возила или да има договор за лизинг, што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на такси превоз;
- да има вработено авто-такси возачи;
- во возилото за вршење на авто-такси превоз на патници да има вградено фискален апарат;
- управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност;
- да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедност во јавниот сообраќај;
- на покривот на возилото да има истакнато натпис "TAXI";
- на предните бочни врати на возилото да има налепница со димензии А4 формат од самолеплива фолија со бела основа и натпис кој го содржи: зборот "TAXI", грбот на Општина Штип и бројот на изводот од лиценцата на такси превозникот.

### Член 3

Лиценца се издава на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање лиценца се приложува:

- име и презиме, односно податоци за фирмата и седиштето на превозникот;
- вид на превозот за кој се бара лиценцата;
- доказ за регистрирана дејност со претежна дејност;
- доказ за сопственост на возилото (копија на сообраќајната дозвола) или договор за лизинг;

- потврда за исполнување на техничко-експлоатациони услови на возилото;
- уверение за вграден фискален апарат во возилото од Управата за јавни приходи;
- доказ за работен однос на возачите;
- доказ дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедност во јавниот сообраќај;
- доказ дека управителот или овластеното лице одговорно за превоз има успешно поминато проверка за професионална компетентност.

Член 4

Барањето за издавање лиценца се поднесува до Градоначалникот на Општина Штип, Одделение за комунални дејности.

Член 5

Пред издавањето на лиценцата се врши преглед на возилото во поглед на исполнувањето на пропишаните услови за превоз на патници со такси возила и за тоа се прави записник. За правно лице прегледот на возилата се врши за сите возила истовремено.

Прегледот на возилата го врши комисија формирана од градоначалникот на Општина Штип.

Член 6

Органот ќе издаде лиценца во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање за издавање на лиценца за ато-такси превоз, доколку се исполнети условите пропишани со овој правилник.

Лиценцата се издава на образец број 4 пропишан во член 5 од Правилникот за обликот и содржината на лиценцата за вршење на превоз во патниот сообраќај, како и за начинот на водење, а евиденцијата за издадените лиценци ("Службен весник на РМ" број 22/99).

Образецот (копија) со фотографија и име и презиме на такси возачот е во формата на персонална карта.

Член 7

Доколку не се исполнети условите пропишани со овој Правилник, Органот ќе донесе решение со кое се отфрла барањето.

Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Член 8

Трошоците на постапката за издавање на лиценца се на товар на барателот.

Износот на трошоците за постапката за издавање лиценца го утврдува градоначалникот на Општина Штип.

Член 9

Одредбите на член 2 алинеја 5 "Управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има сертификат за професионална компетентност" ќе се применуваат по создавање на законските услови".

Член 10

Со донесувањето на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за авто-такси превоз на патници во Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 3/99 и 6/99).

Член 11

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1473/1
27 април 2007 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

151.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2007 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општи-ната Штип за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1698/2
30 мај 2007 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

152.

Врз основа на член 36 точка 11 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 26 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 22 мај 2007 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2007 ГОДИНА

I

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општината Штип за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1698/1
22 мај 2007 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 137. | Решение за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од центар "Триаголник", дел од УБ 3 и 4, УМ 1 и 2 - Општина Штип | 207/8 |
| 138. | Одлука за измена и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од центар "Триаголник", дел од УБ 3 и 4, УМ 1 и 2 - Општина Штип | 207/8 |
| 139. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-ГУП 2010 УЕ 47, 16, 17 и 53 - Општина Штип | 208/8 |
| 140. | Одлука за утврдување на Нацрт-ГУП 2010 УЕ 47, 16, 17 и 53 - Општина Штип | 209/8 |
| 141 | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Бело Брдо" дел од УЕ 20 - Општина Штип | 209/8 |
| 142. | Одлука за утврдување на Нацрт-ДУП за дел од населба "Бело Брдо" дел од УЕ 20 - Општина Штип | 210/8 |
| 143. | Решение за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурни објекти во градот | 211/8 |
| 144. | Одлука за утврдување на приоритет за изградба на инфраструктурни објекти во градот | 211/8 |
| 145. | Решение за објавување на Одлуката за изградба на брана на река Отиња | 212/8 |
| 146. | Одлука за изградба на брана на река Отиња | 213/8 |
| 147. | Решение за објавување на Заклучокот за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип број 0701-1473/1 од 27 април 2007 година | 214/8 |
| 148. | Заклучок за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип број 0701-1473/1 од 27 април 2007 година | 214/8 |
| 149. | Решение за објавување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип | 215/8 |
| 150. | Правилник за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општината Штип | 216/8 |
| 151. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општината Штип за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година | 218/8 |
| 152. | Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на буџетот на Општината Штип за периодот од 01.01. до 31.03.2007 година | 219/8 |